Врз основа на член 72 и член 122 став 2, алинеја 16, од измените на Законот за основно образование (Службен весник на РСМ бр. 161 од 5.8.2019г. и одредбите на Правилникот за оценување, напредување, полагање испити, видовите на пофалби, награди и педагошки мерки за учениците во основното училиште, Училишниот одбор на ООУ „Кузман Шапкарев" - н. Драчево, на седницата одржана на 31.10.2025 год., го донесе следниот

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ КУЗМАН ШАПКАРЕВ Бр. 0202-605/3 31.10.2025

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ПОФАЛБИ, НАГРАДИ И ПЕДАГОШКИ МЕРКИ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ООУ„Кузман Шапкарев" - н. Драчево

Член 1

Со овој правилник се уредуваат видовите на пофалби, награди и педагошки мерки за учениците во ООУ „Кузман Шапкарев", н. Драчево, Скопје

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Заради поттикнување на учениците на одговорно и соодветно учење, соодветно однесување во и надвор од училиштето, како и севкупната работа за остварување на воспитно-образовните задачи, а согласно Законот за основно образование (Сл. весник бр. 161 од 5.8.2019г.) се донесуваат измени на Правилникот за награди, пофалби и педагошки мерки на учениците во ООУ „Кузман Шапкарев" - н. Драчево.

## II. ПОФАЛБИ И НАГРАДИ

Член 2

Учениците од училиштето кои се истакнуваат со своето знаење или со други видови постигнувања, училиштето ги пофалува, односно наградува. Со пофалбите и наградите се стимулира развојот на позитивните особини кај учениците, се јакне вербата во сопствените можности и се дава признание за постигнатите успеси во воспитно-образованата дејност.

Во текот и на крајот од учебната година ученикот може да биде усно и писмено пофален поради извонредни резултати постигнати во остварување на:
-програмата за воспитно-образовната работа во целост;
-програмата за поедини воспитно-образовни подрачја и предмети;
-програмата за воннаставни и вонучилишни активности и
-програма за ученички друштва и клубови и други резултати во работата, учењето и однесувањето во училиштето и надвор од него.

Член 3

Предлогот за изрекување на усна и писмена пофалба се дава писмено до одделенскиот, односно до Наставничкиот совет. Во предлогот мора да бидат истакнати и поблиску образложени причините поради кои ученикот се предлага за усна или писмена пофалба.

Член 4

Пофалбите се доделуваат усно и писмено. Писмените пофалби се даваат во вид на диплома, пофалница и признанија. Наградите се даваат во вид на одредени вредности што одговараат на нивната педагошка намена (книги, билети за театарска, филмска и друг вид на културно-уметничка или спортска приредба).

Член 5

Предлог за пофалба и награда можат да дадат: одделенскиот наставник, предметен наставник, или училишна комисија (по стручни активи), а одлука донесува Одделенскиот, односно Наставничкиот совет.

Член 6

Пофалбите и наградите се доделуваат на ученик, група на ученици, ученичка секција, екипа или паралелка во текот и на крајот на учебната година.

Член 7

Ученикот се пофалува и наградува за:
-континуирано залагање и напредување во наставата;
-залагање и постигнат успех во слободните ученички активности и натпревари:училишни, градски, државни и меѓународни, литературни, ликовни и други наградни конкурси во училиштето и надвор од него, изложби, лични творби и сл.);
-примерно поведение;
-позитивно однесување (развивање другарство, помагање на други ученици, почитување на наставниците, вработените во училиштето и редовност во извршување на обврските) и
-залагање и придонес во разновидни активности во училиштето и локалната средина.

Член 8

Пофалби и награди се доделуваат на:
- паралелка која особено се истакнува со успех, поведение и редовност во извршувањето на училишните обврски;
- група, секција или екипа која постигнала особени резултати (прво, второ или трето место на натпревари);
- паралелка, група или секција која постигнала најдобри резултати во одредена активност организирана во училиштето и надвор од него.

Член 9

Доделувањето на пофалбите и наградите се врши на свечен начин, пред учениците во паралелката, односно пред учениците во училиштето во текот или на крајот на учебната година. Во одредени пригоди, со одлука на Наставничкиот совет се покануваат и родителите на пофалените или наградените ученици.

Член 10

За пофалбите и наградите се води евиденција во училиштето во: одделенскиот дневник, евидентен лист, записници од состаноци на Одделенскиот и Наставничкиот совет.

Член 11

Врз основа на конечната одлука за доделување пофалница или награда, директорот на училиштето донесува решение во кое е наведен правниот основ за донесување на истата, името и презимето на ученикот за кого што се однесува, причините заради кои што се донесува, видот на наградата и правна поука.

Член 12

Писмена пофалба се издава во вид на документ (пофалница, благодарница, диплома), а ја потпишуваат одделенскиот раководител и директорот на училиштето.

**Пофалницата** се доделува за постигања во училишни и вонучилишни проекти, секции и др.

**Благодарница** се доделува за:

- учество во хуманитарни акции со свој придонес;
- помош за учество во проекти;
- еколошки акции и др.

**Диплома** се доделува за освоено I, II, III место за учество на училишни и вонучилишни натпревари, конкурси и др. Учениците од I до IX одд. за постигнатите резултати, посебно се истакнуваат на огласна табла во училиштето.

Учениците кои освоиле некоја од овие награди влегуваат во категоријата на ученици за избор на првенец на генерација, доколку се IX одд. По повод празникот на општина Кисела Вода учениците од IX одд. се кандидираат за ученик на генерацијата и се бодираат по одредени критериуми.

Член 13

Против одлуката за доделување пофалница или награда предлагачот може да поднесе приговор во рок од 3 (три) дена по добивањето на одлуката.

Приговорот се поднесува до Училишниот одбор.

Член 14

Одлучувајќи по приговорот Училишниот одбор може одлуката да ја потврди, измени или укине.

Одлуката по приговорот е конечна.

Член 15

Учениците-кандидати за **првенци** на генерацијата се бодираат по следните критериуми:

-континуирано одличен **успех** - 5,00 - 5 бода

-освоени награди на **меѓународно** ниво- 1 место-9, 2 место-8, 3 место -7, учество -6 бода;

- освоени награди на **државно** ниво- 1 место-5, 2 место-4, 3 место -3, учество -2 бода;

- освоени награди на **регионално** ниво- 1 место-3, 2 место-2, 3 место -1, учество -1 бод;

-освоени награди на **општинско** ниво- 2 бода за освоена награда, 1бод за учество (еднократно за сите награди);

-добиени награди, пофалници, благодарници за учество на училишно ниво - 1 бод;

-за сите учества во вонучилишни активности, клубови и организации -2 бода.

Член 16

Наградите може да бидат: сликовници, книги, училишен прибор, спортски реквизити, влезници за културни и спортски манифестации и натпревари и какви било други вредни педагошки подароци.

Член 17

Наградите на учениците можат да им се доделат од посебни или редовни средства на училиштето или локалната самоуправа, а кои ги одобрил директорот на училиштето, односно градоначалникот на општината.

## III. ПЕДАГОШКИ МЕРКИ

Врз основа на член 72 од Законот за основно образование (Сл. весник на РСМ бр. 161 од 5.8.2019г., ООУ „Кузман Шапкарев“ - н. Драчево, за учениците кои не ги извршуваат обврските и ги повредуваат правилата на воспитно-образовната работа во училиштето, предвидени се педагошки мерки.

Член 18

Ученикот има право и обврска да ја посетува наставата и да учествува во воспитно-образовната работа што ја организира основното училиште.
Ученикот има обврска да постапува согласно со правилата за однесување во училиштето предвидени со Куќниот ред, редовно да ја посетува наставата и да ги исполнува планираните обврски и задачи што се предвидени со наставниот план и програми и годишната програма за работа.

Член 19

Со овој интерен Правилник се уредува изрекувањето на педагошките мерки за ученици кои ги прекршуваат правилата на училишниот живот, а со цел да се постигне чувство на одговорност и спречување на негативни појави.

Член 20

Заради спречување и отстранување на негативни појави, незаинтересиран однос кон воспитно-образовната работа и учењето, неоправдано изостанување од наставата, нарушување на Куќниот ред во училиштето, работната дисциплина и некултурен однос или недолично поведение, како и неодговорен однос и намерно оштетување или уништување на училишниот имот на учениците според чл. 72 од Законот за основно образование (Сл. весник бр. 161 од 5.8.2019г.) , можат да се изречат следните **педагошки** мерки:

**-усна опомена;**
**-писмена опомена;**
**-укор;**
**-преместување во друга паралелка и**
**-намалување на поведението.**

Предлог за изрекување на педагошки мерки до Наставнички совет може да даде предметен наставник /одделенски наставник, раководител на паралелката или директор.

Истовремено со изрекување на педагошките мерки од став (1) на овој член, директорот на училиштето формира **тим за поддршка** кој ќе работи со родителот, односно старателот, ученикот, наставникот и паралелката со цел надминување на проблемот.
Тимот за поддршка е составен од двајца преставници од редот на стручните соработници и еден наставник.
Училиштето може да повика и трети лица (социјален работник) да учествуваат во тимот за поддршка.

Член 21

Педагошките мерки од член 19 за учениците од прво до деветто одделение ги изрекува:

1. усна опомена – раководител на паралелка;
2. писмена опомена - раководител на паралелка;
3. Укор - раководител на паралелка, Одделенски совет, Наставнички совет и директор на училиште;
4. Преместување на ученик во друга паралелка - раководител на паралелка, Одделенски совет, Наставнички совет и директор на училиште;
5. Намалување на поведение - раководител на паралелка, Одделенски совет, Наставнички совет и директор на училиште.

Член 22

**Усна опомена** на ученикот може да се изрече доколку:

-неопрадано изостанал до **5** часа од воспитно-образовниот процес;
-нередовно носи училишен прибор;
-недоволно се залага во извршување на своите училишни обврски;
-се однесуваат недолично и неодговорно спрема другиите соученици, наставници и други вработени во училиштето;
-непотребно се задржува во училишниот двор по завршувањето на часовите;
-неправилно користење на книгите од библиотека, ненавремено враќање, оштетување и др.;
-носење на несоодветна фризура, облекување и шминкање, лакирање нокти со нападни бои;
- ученикот не постапува согласно правилата за однесување во училиштето предвидени во Куќниот ред.

Член 23

**Писмена опомена** на ученикот може да се изрече доколку:
-неоправдано изостанал од **6-10** часа од воспитно-образовниот процес;
-одбивање соработка со одделенскиот/предметниот наставник како и дрско/непримерно однесување и неумесно одвраќање на наставник;
-оневозожување на наставата со своето однесување;
-недозволена употреба на мобилен телефон;
-за организирање тенденциозно напуштање на часот од одделени наставни предмети;
-учествувал во намерно уништување на училишниот имот;
-недолично и неодговорно однесување кон соучениците, наставниците и другите вработени во училиштето;
-нарушување на хигиената во училниците, ходниците, санитарните јазли и училишниот двор.
-не го почитува Кодексот за однесување на училиштето и не постапува согласно правилата за однесување во училиштето предвидени во Куќниот ред.

Член 24

**УКОР** на ученикот може да се изрече доколку:
- неоправдано изостанал од **11-15** часа;
- за своеволно напуштање на наставниот час;
-недозволена употреба на мобилен телефон;
-недолично и непримерно однесување во училиштето (пред часовите, за време на часовите, за време на одморите и по часовите);
-несоодветно однесување кон неговите соученици и кон учениците од други одделенија;
-непочитување и недолично однесување кон наставниците и другите вработени;
-неисполнување на планираните обврски и задачи што се предвидени со Наставниот план и програми и Годишната програма за работа;
-уништување на училишниот имот, оштетување на училишниот инвентар и нагледни средства;
-предизвикување и учество во физички пресметки помеѓу учениците.

Член 25

Преместување во **друга паралелка** на ученикот може да се изрече доколку:

-ја загрозува сигурноста на другите ученици, наставници други вработени;
-отуѓува или уништува училишен имот како и имотот на другите ученици;
-намерно ја уништува педагошката документација;
-ученикот врши потешки повреди на Куќниот ред на училиштето и доколку не се случиле промени по разговорите со ученикот и родителот/старателот;
-Насилно се однесува кон соучениците и сите вработени во училиштето (навредување, исмејување, заплашување, заканување и тепачки);
-кога ученикот направил повеќекратно повторување на повредите (грешките) од овој Правилник.

Член 26

**Поведението** на учениците се оценува со: примерно, добро и незадоволително.

**Намалување на поведението** на ученикот може да се изрече:

- на **добро** поведение

- доколку има **15-25** неоправдани изостаноци:
-предизвикување на конфликтни ситуации;
-навредување и агресивно однесување кон другите ученици;
-нарушување и попречување на наставата и другите облици на образовната работа;
-кражби на училишни и лични предмети на учениците и вработените (пари, облека, прибор и сл.);
-пробивање на тестови;
-внесување и употреба на опасни и пиротехнички средства во училиштето;
-непочитување на училишниот ред и Кодексот на однесување;
-загрозување и повредување на личноста на ученикот (булинг), наставниците, вработените во училиштето и други лица надвор од училиштето;
-има направено други повреди на должностите, поради кои му е изречена писмена опомена од Одделенскиот совет или директорот;

- на **незадоволително** поведение

  - доколку има повеќе **25** неоправдани изостаноци:
  - користење на психотропни супстанци, пушење, внесување и пиење алхохол
  - неодговорен однос и уништување на училишниот имот и инвентар;
  - предизвикување и учество во тепачки и конфликтни ситуации;

- колективно изостанување од настава и други облици на образовната работа;
- отуѓува училишен имот како и имотот на другите ученици;
- има направено потешка повреда на должноста и му е изречена педагошката мерка од Наставничкиот совет на училиштето;
- непочитување на претходно изречените мерки.

Член 27

Постапката за изрекување педагошки мерки ја води раководителот на паралелката во соработка и помош со стручните соработници.

Раководителот на паралелката, во рамките на своите надлежности, води писмена документација за преземените педагошки мерки за спречување на повредите на должностите и неисполнување на обврските на ученикот.

Во документацијата се содржат податоци за одржаните разговори со ученикот, родителот, стручниот соработник, писмени известувања на родителот, надлежни институции и сл.

Член 28

Изречената педагошка мерка се образложува со цел да биде разбирлива и во писмена форма се доставува до ученикот и родителот/старателот.

Изречената педагошка мерка се внесува во педагошката документација на ученикот и во дневникот на паралелката.

Член 29

Педагошките мерки се изрекуваат имајќи ги предвид критериумите објективност, одмереност, праведност и педагошка одговорност.

Член 30

Педагошките мерки се изрекуваат индивидуално за секој ученик, со предходно согледување и анализирање на околностите кои довеле до потребата од нивно изрекување.

При изрекувањето на педагошките мерки особено се земаат предвид:

-зрелоста на ученикот;
-побудите заради кои ја направил повредата;
-околностите во кои била направена повредата;
-размерите на можните последици;
-предходното однесување и поведение на ученикот и
-други околности значајни за изрекување на мерките.

Член 31

Пред изрекување на педагошка мерка претходи разговор со ученикот, родителот, односно старателот.

Разговорот го води **Тимот за поддршка на ученикот** составен од: наставникот и двајца стручни соработници од педагошко-психолошката служба на училиштето, а по потреба и директорот, за што се води записник.

Член 32

Врз основа на член 76 од Законот за основно образование (Сл. весник на РСМ бр.161/19), се применува советување на родители и ученици. За преземените активности се водат записници.

Член 33

При изрекувањето на педагошката мерка не смее да се навредува личноста на ученикот.

Член 34

Изреченатa педагошка мерка детално се образложува со цел истата да е наполно разбирлива за ученикот спрема кого се применува.

Член 36

За изреченатa педагошка мерка се известува ученикот и родителот/старателот.

Член 35

Против Одлуката за изречена педагошка мерка, ученикот може да поднесе приговор до Училишниот одбор во рок од 7 дена од денот на приемот на одлуката.

Приговорот од став 1 на овој член ученикот може да го подготви родителот или притоа да му помогнат наставниците и стручните соработници од училиштето.

Училишниот одбор може педагошката мерка да ја потврди, измени или да ја укине.

Одлуката по приговорот е конечна.

Член 36

Во случај кога во текот на учебната година се утврди дека педагошката мерка ја постигнала својата цел, органот кој ја изрекол мерката може да отпочне постапка за нејзино укинување.

Постапката за укинување на педагошката мерка отпочнува со усвојување заклучок на Наставничкиот совет, односно органот кој ја изрекол мерката.

Педагошката мерка која е укината се смета за неизречена.

За укинување на педагошката мерка се известува ученикот, родителот/старателот.

Член 37

Доколку се утврди грешка или пропуст при изрекувањето на педагошката мерка, органот кој ја изрекол истата со писмена одлука истата ќе ја промени или укине, а за тоа писмено се известува ученикот и родителот/стрателот .

Член 38

Секое **изостанување** од училиште или настава ученикот е должен да го оправда.

За секое изостанување на ученикот родителот е должен да го извести раководителот на паралелката за причините за изостанувањето.

Ученикот може да отсуствува од настава ако изостанувањето го најави однапред во училиштето, но не повеќе од **5 дена** во наставната година.

Директорот на училиштето по писмено барање на родителите од оправдани причини може да му дозволи на ученикот подолго изостанување од наставата но не подолго **од 30** дена. (чл. 57 од Законот за основно образование).

Член 39

Ученикот од здравствени причини може да биде ослободен од учеството во одделни активности во наставата.

Член 40

Ако ученикот е отсутен повеќе денови од наставата, а истиот е на боледување или болничко лекување, родителот или старателот на ученикот е должен во најкраток временски рок да го запознае Одделенскиот раководител.

Член 41

Правилникот стапува во сила од денот на донесувањето.

ДИРЕКТОР
Љупчо Велковски